**ИЗВЕШТАЈ на прашања и одговори како и за резултатите од гласањето на 52-то Собрание на акционери на Стопанска банка АД – Скопје**

На 28.3.2024 година се оддржа 52-та седница на Собранието на акционери на Стопанска банка АД – Скопје.

Согласно член 391-б од Законот за трговските друштва, во прилог објавуваме Извештај за прашања од акционерите и генерални информации за начинот на организација на седницата. На крајот од документот прикажани се табеларно и резултатите од гласањето по секоја точка.

52-та седница на Собранието на акционери беше организирана успешно, следејќи ги сите важечки закони и интерни политики на Банката. Сите одлуки кои се законски обврзувачки да бидат донесени на редовното Годишно Собрание на акционери беа разгледани и усвоени со доволно мнозинство. На седницата присуствуваа и беа претставени акционери кои претставуваат 16,539,162 обични акции со право на глас, односно 94.7% од вкупниот број на акции со право на глас. Покрај акционерите, Претседавачот, Нотарот и Бројачот на гласови, на седницата присуствуваа: а) сите членови на Управниот одбор; б) независниот член на Надзорниот одбор, проф. Владимир Филиповски како претставник на Надзорниот одбор.

**Прашање од акционер, #1***: Кој е процентот на адекватност на капиталот кој го препишува Народна банка на Република Северна Македонија за Стопанска банка АД – Скопје и кој е постоечкиот процент на адекватност на капитал на Банката*.

Беше образложено дека заклучно со 31 декември 2024 година адекватноста на капиталот кој го пропишува Народна банка на Република Северна Македонија кој Банката треба да го исполни изнесува 17,5%. Постојниот процент на адекватноста на капиталот на Банката изнесува 16,9% но со одлуката на ова Собрание на акционери, стапката ќе се зголеми на околу 19% со што и динамично ќе се прилагодува следејќи го развојот на Деловниот план и растот на портфолиото.

**Прашање од акционер, #2:** *Дали дел од добивката од 2023 година е земена предвид во процентот на адекватност на капиталот на Банката? Уште колку средства од добивката ќе останат слободни за распределба на акционерите?*

Беше образложено дека за распределбата на добивката остварена во 2023 година ќе се одлучува на редовното годишно собрание на акционери кое претстои во наредниот период и, следствено, истата не е вклучена во пресметката на сопствените средства. Дополнително, преостануваат 24 милиони евра остварена добивка која е расположлива за исплата на дивиденда на акционерите. Во овој износ не е вклучена добивката остварена во 2023 година.

СТОПАНСКА БАНКА АД - СКОПЈЕ
членка на NBG групацијата
На ваша страна

## *Извештај од резултатите на гласањето на 52-та седница на Собранието на акционери*

| # | Назив на точка од Дневен ред | Усвоена / Неусвоена одлука | Гласови ЗА | Гласови ПРОТИВ | ВОЗДРЖАНИ гласови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Избор на Претседавач, Нотар и бројач на гласови | √ | 16,539,162 | - | - |
| 2 | Разгледување на Записникот од 51-та седница на Собранието на акционери одржана на 30 мај 2023 година | Н/А | - | - | - |
| 3 | Донесување на Одлука за прераспределба на дел од акумулираната добивка во добивка ограничена за распределба на акционерите | √ | 16,539,162 | - | - |
| 4 | Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор - проф. Филиповски | √ | 16,539,162 | - | - |
| 5 | Донесување на Одлука за повторно именување на независен член на Надзорен одбор - проф. Ќосев | √ | 16,539,162 | - | - |

***17.460.180** - вкупен број на обични акции на СБ; **227.444** - вкупен број на приоритетни акции на СБ*
***16.539.162** - вкупен број на обични акции со право на гласприсутни и претставени на седницата*

Кабинет на Претседател
на Управен одбор

11 Октомври 7, 1000 Скопје, Република Северна Македонија тел. 02 3295-295, факс 02 3114-503, SWIFT CODE: STOBMK2X, EMBS 4065549
e-mail: sbank@stb.com.mk, http://www.stb.com.mk